# ОСНОВОПОЛОЖНИЦИТЕ НА СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО

/избор од колекцијата на Музејот на современата уметност во Скопје/

Мај-јуни 1977 година - С к о п ј е

ОЗТ "Железара", ОЗТ "Пелагонија"

ОСНОВОПОЛОЖНИЦИТЕ НА СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО

Кон крајот на втората деценија на XX.век во Македонија се појавува и почнува да дејствува првата група академски образовани ликовни уметници на која и припаѓаат: Димитар Аврамовски Пандилов, Лазар Личеноски и Никола Мартиноски. Веднаш по нив се вклучуваат уште неколкумина сликари: Вангел Коџоман, Томо Владимирски, Љубомир Белогаски, Василие Поповиќ-Цицо, Димче Коцо и др., а во скулптурата Димо Тодоровски.

По длабоко вкоренетата традиција на уметноста со религиозна содржина што ја негуваа нашите зографи, тие ја отпочнуваат пионерската улога во осовременувањето на македонското сликарство. Со својот современ приод кон природата и кон светот, ослободувајќи ја сликата на пределот од религиозната содржина, тие внесуваат лирска атмосфера, реалистички ја набљудуваат природата, или пак преку експресијата на формите и бојата ја изградуваат својата лична визија спрема природата и светот. Тематската определеност на нашите основоположници е мошне разновидна, со застапеност на скоро сите класични сликарски техники и мотиви: актови,портрети, мртви природи, пејзажи, слики со социјален призвук, историски портрети и композиции и сл.

Во творештвото на Д и м и т а р  П а н д и л о в на преден план излегува импресионистичката постапка со интимистички поттекст и со етно-социјални мотиви. Н и к о л а  М а р т и н о с к и своето сликарство го насочува кон експресионистичката постапка со предимен интерес за човекот и со мотиви од социјална тематика. Л а з а р Л и ч е н о с к и негува колористички експре-

./.

сионизам со посебен интерес за предели од македонското поднебје. В а н г е л К о џ о м а н како сликар на македонскиот пејзаж и македонскиот човек работи во духот на академскиот реализам и постимпресионистичка постапка. Кај Љ у б о м и р Б е л о г а с к и преовладува суптилен лирски реализам во пејзажите и портретите изведени во акварелна техника, а кај Т о м о В л а д и м и р с к и е доминантен фовистичко-експресионистичкиот пејзаж на нашето поднебје. Д и м ч е К о ц о негува своеобразен стил близок до естетиката на народниот творец во повеќе сликарски техники. Особено значајни резултати има постигнато во областа на таписеријата. Покрај сценографија и сликарство во техниката на акварел, најголемиот дел од уметничкиот опус на В а с и л и е П о п о в и ќ - Ц и ц о му припаѓа на карикатурата. Особено се значајни карикатурите што ги создаваше кон средината на овој век, кога се појави како регистратор на сите поважни личности и настани од културниот живот на Македонија, поставувајќи ги основите на современата македонска карикатура.

Музејот на современата уметност во Скопје со овој избор на дела од својата колекција има желба во повеќе работни колективи во Скопје да ги претстави со по неколку дела најзначајните основоположници на македонското современо сликарство. За жал, Музејот во моментов не располага со творби од Томо Владимирски и Љубомир Белогаски што би можел да ги вклучи во оваа изложба, а што секако претставува празнина во комплетното презентирање на почетоците на современото македонско сликарство.

Љ.Дамјановска

К А Т А Л О Г

Димитар ПАНДИЛОВ
Роден 1898 во с.Тресонче /Галичник/.Трагично загинал 1963 во Скопје.
Завршил Уметничка академија во Софија 1924.

1.ВРШИДБА, масло на шпер плоча,50x62,1936
2.РАБОТНИЧКА ВО НАРОДНА НОСИЈА,масло на платно 83x63,1946
3.БИТ ПАЗАР,масло на платно, 64x54,5,1955
4.ВРАЌАЊЕ ОД ПАЗАР,масло на платно 54x56,1959
5.МРТВА ПРИРОДА,масло на платно,54x65,1962

Лазар ЛИЧЕНОСКИ
Роден 1901 во Галичник.Умрел 1964 во Скопје.
Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград 1927.

6.ПОКРАЈ ВАРДАР,масло на шпер плоча, 55x78, 1935
7.КАМЕНИОТ МОСТ,масло на лесонит,72x98,1945
8.ПЕЈЗАЖ, масло на лесонит, 50x72, 1950
9.ПРЕДЕЛ, масло на лесонит, 54x73, 1955
10.ПЕЈЗАЖ ОД ПРИЛЕП,масло на картон 53x73, 1956

Никола МАРТИНОСКИ
Роден 1903 во Крушево.Умрел 1973 во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт 1927.

11.ГЛАВА НА ЦИГАНЧЕ,масло на платно,50x38,1934
12.ДВЕ ЦИГАНЧИЊА,темпера на картон,50x45,1935/36
13.ДЕВОЈЧЕ, масло на платно, 61x46,1936/40
14.КРУШЕВСКА СВАДБА,масло на платно,86x101,1960
15.МОДЕЛ, масло на стакло 59x33,1963

Вангел КОЦОМАН
Роден 1905 во Струга.Живее и работи во Скопје.
Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград 1930.

./.

16.МОТИВ ОД ОХРИД, акварел, 43,5х28,5,1937

17.ПОРТРЕТ НА ДИМО ТОДОРОВСКИ, масло на платно, 38х26, 1945

18.ОД СКОПСКИОТ ПАРК, масло на платно 54х73, 1970

Димче КОЦО

Роден 1910 во Охрид.Живее и работи во Скопје. Дипломирал на Филозофскиот факултет,група историја на уметноста во Белград 1936.

19.ПРИЈАТНО РАСПОЛОЖЕНИЕ, цртеж со фломастер 29,5х21, 1967

20.МАЈКА СО ДЕТЕ I, цртеж со фломастер 29,5х21, 1968

21.ПАЗАРЏИЈА, цртеж со фломастер 29,5х21, 1968

Василие ПОПОВИЌ - ЦИЦО

Роден 1914 во Скадар. Умрел 1962 во Скопје. Завршил Уметничка школа во Белград 1938.

22.ДИМЧЕ КОЦО /карикатура/,темпера на картон 36х25,5, 1953

23.ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ /карикатура, темпера на картон, 37х25,5, 1955

24.БОРИС ЧИПАН /карикатура/, темпера на картон 32,5х26, 1955

25.ГЕОРГИ БАЗБОКИЛОС /карикатура/, темпера на картон, 35х25,5, 1958

26.ДИМИТАР КОНДОВСКИ /карикатура/, темпера на картон, 37х27,5, 1960/61.

/сите дела се сопственост на Музејот на современата уметност во Скопје/.